

Васил Пачаџиев ( 1883 – 27, IX 1942 )) е македонски револуционер, Тиквешки војвода на Внатрешната македонско-одринска револуционерна организација. Бил учесник во Илинденското востание во 1903 година. По востанието бил и самостоен војвода во Тиквешијата. Се борел со турските военополициски сили, меѓутоа и со врховистите. За време на Хуриетот учествувал во соборувањето на султанот Абдул Азис.

Васил Пачаџиев е роден во 1883 година во разлошкото село Бања, Пиринска Македонија. Со основно образование се стекнал во родното место, кое било изложено на силен терор на турските зулумџии. Откако неговите родители емигрирале во Бугарија и се населиле во софиското село Осоица, го продолжил образованието во Софија, каде завршил VII клас прогимназија и станал учител.

Пачациев бил свесен дека вооруженото востание е единствен начин да се стави крај на турското насилие врз народот. Тој влегол  во ТМОРО и за време на Илинденското востание во 1903 година бил во четата на Петар Самарџиев.

Пачаџоев зел учество во скоро сите позначајни акции на четата на војводата Самарџиев. Во Тиквешијата. Учествувал во битката кај Ново Село на 5 септември.

Поради бројните потери што ги организирале турските власти против македонските револуционерни чети, војводата Самарџиев во 1905 година заминал во Бугарија. Тој во Кавадарци оставил една помала чета, а раководењето со неа му го доверил на Пачаџиев.

Во 1906 година по загинувањето на војводата Самарџиев, Васил преминал во четата на војводата Добри Даскалов и се истакнал во борбите против врховистичките чети и во борбите со турските воени и полициски сили. По заминувањето на војводата Даскалов во Бугарија во зимата 1907 година раководењето со останатиот дел од четата му бил доверен на Васил Пачаџиев. Како самостоен војвода во Тиквешијата, Пачаџиев ае борел со турските военополициски сили, меѓутоа и со врховистите.

По Младотурската револуција во 1908 година бил легализиран и станал учител во Кавадарци. За време на Хуриетот на чело на една чета составена од тиквешани, учествувал во соборувањето на султанот Абдул Азис.

Пачаџиев активно учествувал и во Тиквешкото востание во 1913 година. Тој бил член Главниот штаб на востанието.

Васил Пачаџиев починал на 27 септември 1942 година во Кавадарци.



Подготвил: Т.К.